# Дисеминација на Програмата

## ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ЖИВОТНИ ВЕШТИНИ



**18 ноември 2011 година**

# Цели на програмата

**„Мораш да знаеш каде одиш, за да знаеш дали таму си стигнал“**

- Стекнување на знаења и развивање на вештини кои ќе ја подобрат физичката, емотивната и социјалната добросостојба на ученикот.
- Подобрување на квалитетот на живеење и дејствување кај ученикот.



# Најважни животни вештини според СЗО (Светска здравствена организација)



- Свест за себе;
- Вештини за донесување одлуки;
- Вештини за решавање проблеми;



- Комуникациски вештини;
- Интерперсонални вештини;



- Емпатичност;
- Креативно мислење;
- Критичко мислење;



- Справување со емоции;
- Справување со стрес.



# Теми во програмата ОЖВ

1. Личен развој
2. Здраво живеење
3. Односи со другите
4. Одговорно граѓанство
5. Однос кон животната средина
6. Глобални процеси и влијанија
7. Подготовка за осамостојување

# Методи во образованието за животни вештини

## Активни методи

- Работа во групи
- Дискусија со целата група
- Анализа на текстови/приказни
- Анализа на ситуации/случаи
- Демонстрации и симулации
- Цртање
- Играње улоги,
- Пеење и глумење.

# Изведување на работилница

# ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕ
## за време на работилниците





- **Почитувајте го времето за работа,**
- **Исклучете го мобилниот телефон,**
- **Кренете рака кога сакате нешто да кажете,**
- **Изнесете го мислењето по добиена дозвола од наставникот,**
- **Бидете јасни во изнесувањето на мислењето,**
- **Внимателно слушајте,**
- **Не дофрлувајте и не упаѓајте во збор,**
- **Не се потсмевајте на мислењето на другите,**
- **Бидете толерантни кога некој размислува поинаку,**
- **Почитувајте ја личноста на наставникот и соучениците,**
- **Соработувајте и учествувајте во дискусиите.**









# Структура на работилницата
## (опис на нејзините компоненти)

| Компонента | Намена | Совети |
|---|---|---|
| **Воведна активност** | Ги воведува во темата на работилницата и/ или дава забавен тон на работилницата | ■ Игровна активност, но не мора да биде тоа.<br>■ Може, но не мора да има врска со темата.<br>■ Отсуствува ако главната активност е долга. (5-10 минути) |
| **Главна активност** | Овозможува остварување на поставените цели и очекуваните резултати (учениците да ги стекнат бараните знаења, вештини и ставови) | ■ Ги содржи носечките активности со примена на интерактивни методи.<br>■ Повеќето имаат една главна активност, но некои може да имаат и по две, кои произлегуваат една од друга.<br>■ Трае најдолго, обично 20-30 минути |

| Компонента | Намена | Совети |
| --- | --- | --- |
| **Дискусија** | Размена на мислења и впечатоци од главната активност. Обезбедува да се дојде до заклучоците кон кои се стреми работилницата. | ■ Преку структурирани прашања – не ги нуди заклучоците, туку ги води учениците сами да дојдат до знаењата.<br>■ Може да ги промени прашањата, но да не се изгуби суштината на прашањето кое води до постигање на целите. (5-10 минути) |
| **Заклучок** | Им дава насоки на наставниците што треба да произлезе од дискусијата со учениците. | ■ Ги резимира знаењата, вештините и ставовите што треба учениците да ги стекнат. |
| **Завршна активност** | Ги раздвижува учениците по дискусијата или обезбедува завршување на работилницата со позитивни чувства | ■ Игровна или друга активност за релаксирање и собирање сила за рефлексијата.<br>■ Не е неопходна кога главната активност е пообемна. (5-10 мин.) |
| **Рефлексија** | Исти се прашањата - да размислуваат за тоа што доживеале, што разбрале и како може наученото да го применат. | ■ Секогаш со истите прашања – се обезбедува атмосфера учениците да ги изнесат сопствените доживувања и да размислуваат за примена. |

# Начин на обучување на класните раководители:

- <u>Прва фаза:</u> учесниците на семинарот (обучувачи) ќе одржат пет работилници во една паралелка од секоја година во присуство на класниот раководител.
- <u>Втора фаза:</u>
  - дисеминација со сите класни раководители и заинтересирани наставници за програмата, методите, компонентите на работилницата и спроведување на една работилница,
  - појаснување на задачите на обучените и останатите класни раководители.

- <u>Трета фаза:</u> Обучените класни раководители – класни раководители кои следеле најмалку 5 работилници што ги реализирал обучувачот во училиштето, самостојно ќе реализираат по три работилници (секој во својата паралелка). Овие работилници ќе ги следи барем еден од обучувачите кој ќе им даде повратни информации за сите аспекти од реализацијата на работилницата.

- <u>Четврта фаза:</u> Обучените класни раководители ги обучуваат останатите класни раководители на паралелките од истата година (до пет наставници максимум).

# Ви благодариме на вниманието !



Подготвиле: Душанка Иванова, училишен психолог
Лоска Давчева, проф.по економски предмети